Врз основа на член 22 став (1) точка 16) од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), член 235 став (4) и член 236 став (11) од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18) и член 27 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на гориво за млазни мотори ГМ-1 (JET A-1), УП1 бр. 11-182/17 од 27.10.2017 година, на Друштвото за трговија и услуги ЕКС ФИС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Петровец, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СКЛАДИРАЊЕ НА СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - СКЛАДИРАЊЕ НА ГОРИВО ЗА МЛАЗНИ МОТОРИ ГМ-1 (JET A-1)**

1. Барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на гориво за млазни мотори ГМ-1 (JET A-1), УП1 бр. 11-182/17 од 27.10.2017 година, на Друштвото за трговија и услуги ЕКС ФИС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Петровец СЕ ОДБИВА.
2. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за трговија и услуги ЕКС ФИС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Петровец (во натамошниот текст: Барател), согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (во натамошниот текст: Правилникот), до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на гориво за млазни мотори ГМ-1 (JET A-1), УП1 бр. 11-182/17 од 27.10.2017 година (во натамошниот текст: Барање).

Од содржината на поднесеното Барање произлегува дека дејноста складирање на гориво за млазни мотори ГМ-1 (JET A-1) Барателот е со намера да ја врши преку резервоар од 1000 m3 кој што се наоѓа во рамки на оранжериите во с. Хамзали, Босилово, запишан на ИЛ 30, на КП 589 за КО Хамзали. Резервоарот е сопственост на Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ с. Хамзали Босилово, даден под закуп на Барателот.

Регулаторната комисија за енергетика го разгледа Барањето и поднесената документација и утврди дека Барањето има формални недостатоци, по што согласно член 19 од Правилникот, донесе Заклучок УП1 бр.11-182/17 од 13.12.2017 година со кој се задолжи барателот да го уреди барањето.

Барателот достави Барање УП1 11-182/17 од 28.12.2017 година, со кое побара продолжување на рокот за преземање на дејствија по претходно наведениот заклучок, по што Регулаторната комисија за енергетика донесе Заклучок УП1 бр. 11-182/17 од 29.12.2017 година со кој се продолжи рокот за преземање на дејствија на Барателот утврдени со Заклучокот УП1 бр. 11-182/17 од 13.12.2017 година, заклучно до 01.03.2018 година.

Барателот постапи по заклучокот на ден 15.02.2018 година, по што Регулаторната комисија за енергетика со Заклучок УП1 бр.11-182/17 од 05.03.2018 година го извести Барателот дека Барањето е доставено на пропишан начин и форма согласно Правилникот и го задолжи да подготви Известување за Барањето согласно член 22 од Правилникот и да го достави до Регулаторната комисија за енергетика на одобрување, заради негово објавување.

Регулаторната комисија за енергетика го одобри Известувањето за Барањето, доставено од страна на Барателот на 05.03.2018 година, по што Барателот на 07.03.2018 година го објави во дневните весници Вечер и Коха.

Во предвидениот рок од објавата на известувањето во дневните весници, Макпетрол АД Скопје како заинтересирана страна побара и на 09.03.2018 година изврши увид во Барањето и целокупната документација, согласно член 24 од Правилникот. По извршениот увид, во предвидениот рок Макпетрол АД Скопје на 12.03.2018 година достави допис до Регулаторната комисија за енергетика со серија на сериозни забелешки и коментари по однос на Барањето.

Во дописот, меѓу другото беше посочено дека со оглед на тоа што се работи за пренамена на интерен склад за мазут во склад за гориво за млазни авиони ГМ-1 (JET A-1), потребно е проверката и приемот на инсталациите, односно контрола на проектот и изведените инсталации да биде направена од Министерството за внатрешни работи - Сектор за оружје, опасни и експлозивни материи, а со оглед на тоа што станува збор за гориво за млазни авиони, дека дополнително е потребно да се побара увид на складот од инспектори од Агенцијата за цивилна воздушна пловидба.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 25 од Правилникот на 19.03.2018 година ги достави добиените забелешки од Макпетрол АД Скопје до Барателот, со цел нивно произнесување по однос на истите.

Барателот на 22.03.2018 година достави допис до Регулаторната комисија за енергетика во кој беше наведено дека се оспоруваат како неосновани сите писмени забелешки од Макпетрол АД Скопје по основ на Барањето, при што беше наведено дека за сите забелешки ќе се произнесат усно на подготвителна седница пред членовите на Регулаторната комисија за енергетика и претставници на заинтересираната страна Макпетрол АД Скопје.

На 02.04.2018 година, Регулаторната комисија за енергетика испрати дописи до Агенцијата за цивилно воздухопловство, како и до Министерство за внатрешни работи - Сектор за оружје, експлозивни и опасни материи со барање за информација по однос на исполнетоста на соодветните стандарди за складирање на гориво за млазни мотори ГМ-1 во предметниот резервоар. Истиот ден беше испратен и допис до Барателот со барање писмено да се произнесе за сите наводи и забелешки наведени од страна на Макпетрол АД Скопје.

Агенцијата за цивилно воздухопловство, на 16.04.2018 година, достави допис со кој ја информираше Регулаторната комисија за енергетика дека нема законски надлежности за вршење контрола на проекти и изведени инсталации за складирање на гориво за млазни мотори ГМ-1 во предметниот склад во оранжеријата Хамзали, како и тоа дека секој давател на аеродромски услуги за снабдување на воздухоплови со гориво и мазиво пред да започне со дејност е потребно

да добие одобрение од страна на Агенцијата и дека во конкретниот случај кај нив сеуште не е доставено барање за давање на таков тип на аеродромски услуги.

На 20.04.2018 година Барателот достави допис со произнесување на наводите и забелешките наведени од страна на Макпетрол АД Скопје. Клучниот аргумент во однос на забелешката дека е потребно проверката и приемот на инсталациите, односно контрола на проектот и изведените инсталации да биде направена од Министерството за внатрешни работи - Сектор за оружје, опасни и експлозивни материи, е дека такво нешто не е предвидено или задолжително согласно Правилникот, а истиот аргумент е наведен и во однос на исполнувањето на меѓународните стандарди за складирање на млазно гориво, односно дека такви стандарди не се пропишани во Правилникот.

Министерство за внатрешни работи - Сектор за оружје, експлозивни и опасни материи, на 09.05.2018 година достави допис со кој ја информираше Регулаторната комисија за енергетика дека е извршен увид на предметниот склад во оранжеријата Хамзали, при што иако претходно најавен и договорен, на увидот не се појавил претставник на Барателот. Со оглед на тоа претставниците на Министерство за внатрешни работи не можеле да направат увид во целосната документација и докази. Во дописот, меѓу другото, се наведува дека за предметниот склад не е поднесено и доставено барање и техничка документација за издавање на претходна согласност за локација за поставување на складишниот резервоар, ниту пак е поднесено и доставено барање и техничка документација со опис на применети и предвидени мерки за заштита од пожари и експлозии, согласно одредбите од Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови.

Регулаторната комисија за енергетика, на 31.05.2018 година, со допис побара од Барателот да се произнесе по однос на наводите во информацијата на Министерство за внатрешни работи, како и да достави информација за начинот на кој ќе се изврши усогласување со обврските пропишани во Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови.

На 26.07.2018 година, Барателот достави допис до Регулаторната комисија за енергетика во кој дава свое толкување на постапката за издавање лиценца, односно ја повторува тезата дека после Заклучокот УП1 бр.11-182/17 од 05.03.2018 година, Регулаторната комисија за енергетика била должна да свика подготвителна седница. Во однос на барањето на Регулаторната комисија за енергетика да се произнесе за наводите во информацијата на Министерство за внатрешни работи, Барателот на крајот од дописот кажува дека увидот бил направен без нивно присуство, односно дека претставниците на Министерство за внатрешни работи немале увид во елаборатите и документацијата на Барателот. Воедно во дописот се наведува дека наводно имало измена на правните прописи и дека тие не биле во важност во моментот на поднесување на нивното Барање и никаде не била предвидена постапка пред тој орган, пред добивање на решение од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

На 09.08.2018 година, во просториите на Регулаторната комисија за енергетика, се одржа заеднички состанок помеѓу претставници од Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи, агенции за обезбедување и детективска дејност, при одделот за граѓански работи на Министерство за внатрешни работи, Барателот и Регулаторната комисија за енергетика, на кој се разгледаа прашањата кои произлегуваат од Информацијата од Министерство за внатрешни работи од 09.05.2018 година, при што претставниците од Министерство за внатрешни работи и усно потврдија дека предметниот склад не ги исполнува потребните услови од аспект на одредбите на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови.

На 11.09.2018 година, беше остварен уште еден состанок со претставници на Барателот и членови на Регулаторната комисија за енергетика, на кој се дискутираше за одредбите од новиот Закон за енергетика со кој е укината дејноста складирање на нафта и нафтени деривати и нецелисходноста од понатамошно продолжување на постапката по однос на Барањето, по што Барателот истакна дека ќе направат дополнителни консултации и писмено ќе се произнесат.

Со допис од 13.09.2018 година, Барателот ја извести Регулаторната комисија за енергетика дека бара продолжување и завршување на постапката и закажување на подготвителна седница.

Во текот на месец ноември беа доставени уште два дописи од барателот во кои ги повтори своите барања.

Согласно член 33 од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика одржа подготвителна седница на ден 13.12.2018 година. Предмет на разгледување на подготвителната седница беше Предлог - Одлука за одбивање на Барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на гориво за млазни мотори ГМ-1 (JET A-1) на Барателот.

Пред отпочнување на подготвителната седница Барателот достави поднесок со кој ја оспори Предлог - Одлуката што беше предмет на расправа.

Регулаторната комисија за енергетика врз основа на член 28 од Правилникот на ден 19.12.2018 година одржа редовна седница на која донесе Одлука за одбивање на Барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на гориво за млазни мотори ГМ-1 (JET A-1) на Друштвото за трговија и услуги ЕКС ФИС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Петровец.

При донесување на Одлуката, Регулаторната комисија за енергетика ги зема во предвид сите дотогаш истакнати наводи од страна на Барателот во писмени поднесоци, на состаноците и на подготвителната седница но ги најде за неосновани.

Со Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18), кој влезе во сила на 5 јуни 2018 година, дејноста складирање на складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт не е предвидена како енергетска дејност за која Регулаторната комисија за енергетика донесува лиценца, односно истата се укинува.

Одлуката е донесена врз основа на член 22 став (1) точка 16) од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), член 235 став (4) и член 236 став (11) од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18) и член 27 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Согласно член 22 став (1) точка 16) од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) Регулаторната комисија за енергетика ги пропишува условите, начинот и постапката и донесува одлуки за издавање, менување, пренесување, суспендирање, одземање и престанок на лиценци за вршење на одделни дејности од областа на енергетиката и го следи извршувањето на обврските утврдени со лиценците за вршење одделни дејности од областа на енергетиката.

Согласно член 235 став (4) Постапките за издавање на лиценци кои се започнати пред влегувањето во сила на Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18), Регулаторната комисија за енергетика ги завршува во согласност со одредбите од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

Согласно член 236 став (11) до донесувањето на прописите и одобрувањето на актите наведени во овој член ќе се применуваат прописите, правилата и актите донесени, односно одобрени во согласност со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16).

Согласно член 27 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности доколку од доставената документација, како и заклучоците од расправата на подготвителната седница, се утврди дека не се исполнети условите за издавање на лиценцата, Регулаторната комисија за енергетика во рок од 10 дена од денот на завршувањето на подготвителната седница ќе одржи редовна седница на која ќе донесе одлука за одбивање на барањето за издавање на лиценца.

Имајќи го предвид горенаведеното, а пред се фактот дека предметниот резервоар не ги исполнува потребните услови од аспект на одредбите на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-182/17**
**19 декември 2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Скопје** **Марко Бислимоски**